***КИРИЛ ДИМЕСКИ***







# *П Р И Р А Ч Н И К   З А  Р А Б О Т А   С О Ф И С К А Л Н И   К А С И*

## *Synergy SY 40/SY 50/ SY500*



***2007 Кирил Димески***
Некои права се задржани Creative Commons BY-NC-SA
повеќе на страната за Авторско право

### *Авторско право*

Инспириран од можностите на лиценците за заеднички вредности, Creative Commons, ова дело го адаптирам под лиценците Creative Commons by-nc-sa 2,5.

Лиценцата опфаќа **:**

Можете:

- **да споделите** – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото
- **Преработка** – да го адаптирате делото

## Под следните услови:

- **Наведи извор**. Мора да ја линкувате содржината кон (http://kirildimeski.wordpress.com) **Прирачник за фисклни каси** (со линк).
- **Некомерцијално**. Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели.
- **Сподели под исти услови**. Ако го промените, трансформирате или адаптирате ова дело, можете да го дистрибуирате добиеното дело само под иста или слична лиценца на оваа.
- Во случај на понатамошно користење или дистрибуција морате на другите јасно да им ги дадете до знаење условите под кои е лиценцирана ова дело. Најдобар начин за да го направите тоа е да поставите врска до оваа веб-страница.
- Секој од горенаведените услови може да биде поништен ако добиете дозвола од носителот на авторските права.
- Ништо во оваа лиценца не ги нарушува или ограничува моралните права на авторот.

### *Повеќе за лиценцата на следниов линк*

***http://creativecommons.org/licenses/by-nc-sa/2.5/mk/***

### *Верзија читлива за правници*

***http://creativecommons.org/licenses/by-nc-sa/2.5/mk/legalcode***

## *Вовед*

Овој прирачник е направен со цел полесно учење на функциите на фискалните апарати произведени од Synergy, SY 40 (мобилна) SY 50/SY 500 (статична).

Овој прирачник ќе Ве научи како да ги користите основните функции на фиксланите апарати, програмирање на артикли, реализација на стоки и услуги и печатење на дневни извештаи за работата.

Фискалната каса има изглед на машина за пишување или машина за пресметување која печати резултати на лента.

Во предниот дел (од кај Вас) има тастери, потоа во средината има дисплеј за оператор, а на задниот дел има место за хартиена ролна и диспеј за клиент.

Дисплејот за клиент треба постојано да биде свртен кон клиентот (позиција од која клиентот би гледал во диспејот дека Вие не го лажете)

Хартиената лента се поставува под печатачот, во две ленти (една за клиент, другата за Вас)

Диспејот за операторот е статичен, не се поместува. (на него се прикажуваат задачите кои Вие и ги задавате на машината)

Преку тастерите, Вие внесувате информации за машината да може да ги обработи.

Првите чекори ќе ги направиме овде :

- Вклучување на фискалниот апарат
- Основни команди во 3-те функции
    1. Прграмирање на артикли
    2. Реализација (продажба) на стоки и услуги
    3. Дневни извештаи за работата
- Исклучување на фискалниот апарат

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ФИСКАЛНИОТ АПАРАТ

За да го вклучите фискалниот апарат, притиснете на копчето **ВКЛ** (во десниот дел од тастатурата).

Апаратот е вклучен а на диспејот се појавува ваков знак (_)
Тоа значи дека треба да изберете една од функциите во која ќе работите.

## ПРОГРАМИРАЊЕ НА АРТИКЛИ

За да почнете да работите со продавањето на стоките или услугите треба да програмирате артикли.

Таа се најдува на функцијата број **4**.
Значи после притискањето на копчето **ВКЛ**, го впишуваме бројот **4** од тастерот.

По впишувањето на бројот на функцијата, се појавува екран со следнава содржина.

**Лозинка**

**.....................................**

Заради заштита на фискалниот апарат постои лозинка (шифра) преку која Вие ќе пристапувате кон функциите на фискалниот апарат.
Кај повеќето фискални апарати од марката Synergy, лозинката е **30**.

---

Откако ќе се приклучи функцијата, од Вас се бара да внесете функција за работа на функцијата **4** (програмирање на артикли).

Внесете **1**, потоа уште еднаш **1** и за крај притиснете на копчето **ТОТАЛ**.

На лентата за клиентот се испечати, **ПРОГРАМИРАЊЕ НА АРТИКЛИ**.
Сега сте спремни за работа.

---

За да може фискалниот апарат да работи по Ваши мерки треба да подесите правилни шифри на артиклите кои треба да се внесат во меморијата на фискалниот апарат.

*СОВЕТ* : Најдобро би било, артиклите да ги внесувате по ред како што се наредени на полиците, или пак по редослед по кој се продаваат.

пр. Во прехрамбена продавница најпродаван артикал би бил лебот, па млекото, па цигарите.....
Значи шифрите би можеле да ги внесете на следниов начин :

| **Шифра** | **Име на артикал** |
|---:|---|
| 1 | Леб Т500 |
| 2 | Млеко 1Л, ИМБ |

**Постапката за програмирање на артикал е следнава :**

Внесувате шифра на артикал – притискате на копчето **Ф6** – притискате на копчето **АРТ** – пишувате име на артикал[1] - притискате на копчето **ЦЕНА** – пишувате цена[2] - притискате на копчето **СБТЛ** – пишувате ДДВ коефициент на артиклот[3] - притискате на кочето **ТОТАЛ**.

Артиклот е внесен.

пр. Внесуваме артикал под шифра 1, со име Леб Т500, по цена од 20 денари со ДДВ коефициент од 5%.

1 – **Ф6** – **АРТ** – Леб Т500 – **ЦЕНА** – 20. - **СБТЛ** – 2 – **ТОТАЛ**

Артиклот е внесен под шифра 1, со име ЛЕБ Т500, по цена од 20 денари, со 5% ДДВ.

1 – За да пишувате, треба да ги знаете буквите. Тие доаѓаат како додаток со фискалниот апарат, на посебна книшка или картонче.
2 – Пишувањето на цената се врши преку тастатурата, а впишаната сума може да се одделува со знакот „ , “ доколку станува збор за сума пр. 125,32 денари.
3 – Внесувањето на ДДВ коефициентот се врши на следниве начини

ДДВ коефициент 18 % = А (1)
ДДВ коефициент 5 % = Б (2)
ДДВ коефициент 0 % = Б (3)

Значи сакаме да внесеме артикл со ДДВ коефициент од 5 %, притискаме на копчето **СБТЛ** и потоа внесуваваме 2. ДДВ коефициентот е програмиран.

Програмиравме артикл(и) кои веќе може да се користат како стоки или услуги за реализација.

## РЕАЛИЗАЦИЈА (ПРОДАЖБА) НА СТОКИ И УСЛУГИ

Веќе можеме да преминеме на режимот (функција) за работа обележан како режим **1**.

За продажба треба да пристапиме кон режимот **1**.

Ако касата е во режим на работа (режими 4, 2, 3), треба да ја исклучиме, значи притискаме на **ИСКЛ**, па потоа ни се појавува екран на кој треба да одбереме режим на работа. Ние бираме 1, на дисплејот се појавува **Лозинка**.

Кај повеќето фискални апарати лозинката е **30**.

**Значи** притискаме **1** , потоа внесуваваме **30** и притискаме **ТОТАЛ.**

На екранот се прикажува ***0,00***, тоа значи дека апаратот е подготвен за работа.

**Продажбата се врши на следниов начин :**

Внесуваме количина на одреден артикл кој се продава, притискаме **X**, потоа ја впишуваме шифрата на артиклот кој се продава, притискаме АРТ и за крај притискаме **ТОТАЛ.**

Не секогаш треба да притиснеме **ТОТАЛ**, тоа се прави кога клиентот си оди, значи кога клиентот завршува со купување.

Ако продаваме повеќе стоки и услуги, тогаш постапката ја повторуваме, ама не притискаме **ТОТАЛ** на секој артикал.

*Пример за единечна продажба :*

8 (количина) - **X** – шифра на артикл (пр.5) – **АРТ** – **ТОТАЛ**.

*Пример за продажба со повеќе артикли*
20 (количина) – *X* – шифра на артикл (пр.8) – **АРТ**
1 (количина) – **X** – шифра на артикл (пр.17) – **АРТ**
0,578 (количина) – **X** – шифра на артил (пр.159) – **АРТ** - **ТОТАЛ**

Преку овој дел научивме да продаваме стоки и услуги, што е следно ?

## ДНЕВНИ ИЗВЕШТАИ

Секогаш кога ќе завршиме со нешто, пресметуваме колку сме профитирале. Таа опција ја има и фискланиот апарат.

На крајот од работното време на првата, втората или третата смена проверуваме колку сме продале и за колкава сума сме продале.

Фискалната каса има две опции за проверка на состојбата на прометот во текот на денот.

***Првата опција е проверка на состојбата без нулирање на апаратот***
Тоа се прави преку пристап кон режимот **2**.
Значи ја исклучуваме касата на копчето **ИСКЛ**, впишуваме **2**, после тоа лозинка (30), па ТОТАЛ, од нас се бара да внесеме функција на извештај **1, 2** или **3**.
**Одбираме 1**, на дисплејот се прикажува **TL-STL-PLU** и притискаме **ТОТАЛ**, на ленатата се испечати **Контролен извештај**.
Тоа е извештај кој се печати за проверка на прометот во текот на денот, односно од последното нулирање на фискалниот апарат.

***Втората опција е нулирање на апаратот***
Тоа се прави преку режимот **3**. Значи ја исклучуваме касата на копчето **ИСКЛ**, пишуваме **3**, се бара лозинка (**30**), **ТОТАЛ**, на диспејот се појавува **TL-STL** тогаш притискаме **ТОТАЛ**, на лентата се печати **Дневен финансиски извештај**, исчекуваме додека не се појави **TL-STL** повторно.

Тоа беше накратко за начините на функционирање на фискалниот апарат.
Доколку сакате да го изменувате делото, Ве молам пратете ми е-пошта на dkire@taratur.com за да Ви го пратам изворниот фајл во .odt формат.

Повеќе за философијата за пишувањето на овој документ, прочитајте на мојот блог http://kirildimeski.wordpress.com

Срeќно користење на фискалните апарати Synergy SY40 и Synergy SY50/SY500,
Кирил Димески

## *ИСТОРИЈА НА ДОКУМЕНТОТ*

**15 август 2007 година, 00:07** – делото е завршено со изработка. Делото е објавено на блогот http://kirildimeski.wordpress.com и на порталот за македонски содржини кои се објавени под Creative Commons лиценците. - Кирил Димески